Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

Република Северна Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Бр. 03-818
23.07. 2026 год.

# Соопштение и информации за пријавување и упис на студенти на интегриран прв и втор циклус додипломски студии на Факултетот за ветеринарна медицина - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебна 2026/2027 година

## Рокови за пријавување и запишување

| | Прв рок | Втор рок | Трет рок | За странски студенти |
|---|---|---|---|---|
| **Пријавување на кандидатите** | 18 и 19.08.2026 | 10 и 11.09.2026 | 23.09.2026 | 29.09.2026 |
| **Објавување на резултатите од успехот од средно образование** | 24.08.2026 | 15.09.2026 | | |
| **Објавување на решение за прием на кандидатие** | 27.08.2026 | 17.09.2026 | | до 30.09.2026 |
| **Запишување на кандидатите** | 03. и 04.09. 2026 | 22.09.2026 | 28.09.2026 | 01.10.2026 |

1. **Чекори за пријавување на кандидатите**

- Пред пријавувањето за упис на Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје, секој заинтересиран кандидат треба претходно да се регистрира преку порталот за идни студенти на **www.upisi.ukim.mk** и да ја пополни електронската пријава во **iKnow** системот;
- **Бројот на пријавата** којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронско пријавување, треба да се внесе и во пријавата која се поднесува при пријавувањето за запишување;
- **При пријавување во iKnow системот за избор на Факултетот за ветеринарна медицина, апликантите потребно е да изберат прв+втор циклус.**

2. **Потребни документи за пријавување**

**Пријавувањето за упис на кандидатите во првиот уписен рок на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје е на 18 и 19.08.2026 година, од 09-14 часот, во Службата за студентски прашања, кога ги приложуваат следните документи:**

1. Потпишани универзитетски пријавен лист и интерен пријавен лист (генерирана од iKnow-системот);
2. Оригинални свидетелства од сите 4 години;
3. Документ за положена државна матура (оригинално свидетелство за завршено средно образование);
4. Извод од матичната книга на родените (оригинал);
5. Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение) (оригинал);
6. Изјава за национална припадност (се приложува само ако во свидетелствата и во дипломите не е наведена националната припадност - *се печати од електронската пријава на iKnow-системот upisi.ukim.mk*).

**7. Потврда за уплата:**

- **Потврда (уплатница) за уплатени 300,00 денари на жиро сметка на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, образец ПП 50 (*на уплатницата задолжително да има име и презиме и ЕМБГ на апликантот*)**

**Назив на примачот:** Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
**Депонент (Банка):** НБРСМ
**Трезорска сметка:** 100000000063095
**Износ:** 300,00 денари
**Сметка на буџетски корисник единка:** 1600104561 788 15
**Приходна шифра и програма:** 723012 41
**Цел на дознака:** за студиски програми за кои не се врши проверка на знаењата и умеења

- **Потврда (уплатница) за уплатена административната такса во износ од 50,00 денари образец ПП 50**

**Назив на примачот:** Трезорска сметка-Скопје
**Банка на примачот:** НБРСМ
**Трансакциска сметка:** 100000000063095;
**Уплатна сметка:** 840-XXX-03161
**Конто:** 722313 00

*Доколку кандидатот не се запишува лично, лицето кое ќе го запишува треба да донесе полномошно заверено на нотар.*

**НАПОМЕНА:** Бидејќи пријавувањето се врши со оригинални документи, пожелно е кандидатите претходно да направат преписи од документите за свои потреби и истите да ги заверат кај нотар.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

3. Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:

- лице кое до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители, најмногу до 26-годишна возраст, доколку се невработени (се докажува со потврда од надлежниот центар за социјална работа);
- лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на Службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и со решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста);
- родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен (се докажува со извод од Матична книга за детето и потврда за евидентирано невработено лице);
- воени инвалиди (се докажува со решение на Министерството за труд и социјална политика-Управа за прашања на борците и воените инвалиди);
- лица растени во домови за напуштени деца, доколку се невработени и
- други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата на бројот на редовни студенти, најмногу до 10% согласно бројот и условите утврдени во Конкурсот.

4. Припадниците на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и членовите на нивните семејства, лицата утврдени со одредбата од чл. 23 од истиот Закон (Сл. весник на РСМ бр. 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и Сл. весник на РСМ бр. 53/21), во учебната 2025/2026 , ќе се запишуваат надвор од државната квота без поднесување трошоци за студирање, под услови за запишување утврдени во овој Конкурс, а нивниот број може да изнесува најмногу до 10% од вкупниот број студенти на ниво на студиска програма. Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

**Дополнително доставување на документи за кандидатите кои се запишуваат во прва година, не се зема во предвид.**

Продекан за настава

проф. д-р Ксенија Илиевска

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Факултет за ветеринарна медицина во Скопје



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk